БРОЈ 12 | ЈУНИ 2011

# ЗЕЛЕНА ЗОНА

## ГЛАСИЛО НА СОПСТВЕНИЦИ НА ШУМИ ВО МАКЕДОНИЈА



АГРО-ШУМАРСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

КАМПАЊА ЗА ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ ОД ПОЖАРИ

ЦЕЛИ НА НЗСПШ

ПРОЕКТ ЗА 2011 ПОДДРЖАН ОД ВЛАДАТА НА РМ

ЗАТОПЛУВАЊЕ СО ДРВЕН ОТПАД

# Агро - шумарство во Македонија

Агро - Шумарството овозможува една нова перспектива за искористување на земјоделското земјиште. Во споредба со традиционалните земјоделски и шумски системи, посебноста на агро-шумарството е во начинот на искористување на земјоделските површини на кои се сади комбинација на дрвја и земјоделски култури или само дрвја, со цел поголема искористеност и достапност на природните ресурси.

Површините стопанисувани по принципот на агро-шумарство остануваат продуктивни подолго време и даваат постојан приход за сопствениците, што не е случај кога земјоделската површина се користи на традиционален начин.

**Овој начин на стопанисување овозможува површините кои не се користат поради недостапност или отежнати услови за работа да се искористат и во исто време да обезбедат дополнителен приход за сопствениците на земјоделско земјиште.**

Агро-шумарството има предности од три различни перспективи: шумарство, земјоделие и животна средина.

Предности во однос на класичното стопанисување со земјиштето се:
• забрзување на растот;
• поголем дијаметар на стеблата;
• намалување на капиталните трошоци за подигање на плантажи преку намалување на бројот на дрвја без комерцијална вредност;
• подобрување на квалитетот на произведеното дрво како причина што се избегнува процесот на конкуренција и изведување на прореди;
• навремено спречување на развојот на штетни инсекти и габи;
• полесна употреба на механизација и друго.

Во Македонија Агро-Шумарство е нов метод и помалку познат, а уште помалку и применуван.

Во 2010 година СНВ Холандската развојна организација заедно со Националното здружение на сопственици на приватни шуми НЗСПШ, започнаа со пилот проект за агро-шумарство во околината на Св. Николе и с.Таор, Скопско. Пилот проектот беше изведен на 5 приватни земјоделски површини на кои беа засадени 7 000 садници од брзорастечки вид на врба, Salix alba, var. Express и 1 000 садници од видот Rubinia pseudoacacia (Багрем).



Околу 90% од засадените садници се успешни и нивната височина во првата вегетациска сезона изнесува од 1,5 до 2 метри. Овие дрвја во иднина сопствениците ќе може да ги користат како биомаса за греење во домаќинствата.

Поради голема заинтересираност од сопствениците, овој проект продолжи да се спроведува и во 2011 година. Оваа година беа засадени 10 000 садници од Salix alba var. Express и 1 000 садници од Rubinia Pseudoacacia var. Turbo, на 3 змјоделски површини во Беровско и една во Конче, Радовиш.

Првичните резултати од пилот проектот покажуваат дека Македонија има добар потенцијал за развој на агро-шумарството. Климатските услови, надморската височина, а пред се големите површини на неупотребливо и неискористено земјоделско земјиште се многу добра подлога за имплементација на овој начин на стопанисување со земјиштето и шумите.

**Главна цел на целиот проект е одржливо стопанисување и зголемување на приходите од шумите и земјиштето во приватна сопственост.**

Врз основа на искуставата и резултатите добиени од пилот проектот, постои можност за сопствениците на земјиште значително да си ги подобрат своите приходи во домаќинството.

Садењето на брзо растечки видови дрвја на делови од земјишта кои не се користат е корисно од различни аспекти, како што се:

- заштита од ветер,
- заштита од испарување,
- контрола на ерозија,
- како и подобрување на биолошката разновидност.

**Оваа пракса дополнително претставува можност за сопствениците на приватно земјиште и шуми да ги искористат мерките и фондовите на ЕУ за рурален развој.**

Покрај овие видови дрвја во агро-шумарството може да се користат и многу други. Може да се употребат и видови на дрвја кои ретко се користат во шумите, но се со висок квалитет и вредност, како што се оревот, дивата цреша, костенот, јаворот и други видови дрвја.

# Развој и членство на НЗСПШ

РАЗВОЈ НА ОГРАНОЦИ НА НА ПРИВАТНИ ШУМИ И ЧЛЕНСТВО

| | Општински Ограноци | број на членови | број на членови | број на членови | број на членови | број на членови | број на членови | број на членови | број на членови | платени членарини |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дебарца | 0 | 0 | 25 | 43 | 43 | 63 | 68 | 55 | 0 |
| 2 | Македонски Брод | 0 | 0 | 12 | 23 | 27 | 27 | 27 | 27 | 0 |
| 3 | Велес | 0 | 0 | 13 | 47 | 50 | 53 | 53 | 53 | 0 |
| 4 | Богомила | 0 | 0 | 14 | 135 | 127 | 144 | 144 | 138 | 17 |
| 5 | Пробиштип | 0 | 0 | 9 | 9 | 16 | 72 | 176 | 176 | 25 |
| 6 | Радовиш | 0 | 7 | 92 | 89 | 131 | 150 | 150 | 150 | 2 |
| 7 | Конче | 0 | 0 | 0 | 19 | 24 | 40 | 41 | 45 | 13 |
| 8 | Свети Николе | 0 | 0 | 10 | 25 | 29 | 37 | 103 | 105 | 26 |
| 9 | Прилеп | 8 | 8 | 8 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Кичево | 9 | 9 | 15 | 30 | 41 | 43 | 53 | 53 | 11 |
| 11 | Гостивар | 33 | 39 | 56 | 56 | 56 | 60 | 60 | 60 | 20 |
| 12 | Крива Паланка | 11 | 11 | 11 | 11 | 15 | 24 | 32 | 31 | 12 |
| 13 | Виница | 21 | 30 | 30 | 30 | 30 | 30 | 30 | 30 | 19 |
| 14 | Кавадарци | 9 | 16 | 24 | 73 | 53 | 98 | 73 | 83 | 15 |
| 15 | Пехчево | 5 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 | 12 | 15 | 0 |
| 16 | Куманово | 31 | 31 | 33 | 44 | 41 | 61 | 68 | 68 | 3 |
| 17 | Берово | 79 | 87 | 103 | 143 | 145 | 152 | 199 | 220 | 33 |
| 18 | Делчево | 0 | 0 | 3 | 17 | 17 | 27 | 27 | 27 | 2 |
| 19 | Ново Село | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 7 | 7 | 10 | 0 |
| 20 | Конопиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50 | 55 | 55 | 0 |
| 21 | Витолиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12 | 12 | 0 |
| 22 | Маврово-Ростуша | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 9 | 0 |
| 23 | Мак.Каменица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16 | 16 | 4 |
| 24 | Кратово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 9 | 7 |
| 25 | Струмица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 | 13 | 0 |
| 26 | Останати членови | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 46 | 41 | 41 | 0 |
| | ВКУПНО | 206 | 243 | 465 | 809 | 860 | 1191 | 1478 | 1501 | 209 |
| | Година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | |

# НЗСПШ учествува во Националната кампања за заштита на шумите од пожари

Во јули и август 2007 година Р. Македонија беше зафатена од бројни пожари кои ги зафатија приватните и државните шуми како, на површина преку 50 000 ха. До крајот на Јули 2007 година, штетите од зафатените подрачја, како и трошоците за гаснење на пожарите достигнаа 21 милион евра. Сите шумски пожари беа последица на човечки активности, пр: палење на земјоделски површини, негрижа при палење на оган, а во некои случаи и сомнеж за подметнат пожар. Екстремно сувите, топли и често ветровити временски услови кои доминираа за време на сезоната на пожари, создадоа екстремни ситуации во кои гаснењето беше невозможно.



Поради гореспоменатите фактори и лошото искуство со пожарите во минатото, од 20 до 22 мај 2011 година, беше одржана работилница, организирана од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, каде беше промовирана ,,Националната кампања за заштита на шумите од пожари”.

Оваа кампања има за цел да ги обедини сите засегнати страни во Македонија зеднички и координирано да пристапат кон подигање на јавната свест во однос на опасноста од шумските пожари, а со тоа да се придонесе кон намалување на бројот на шумски пожари од случаен, односно ненамерен карактер, каде предизвикувач е човекот.

Долгорочниот план на кампањата е:

- Вклучување на предавања за заштита на шумите од пожари во формалното и неформалното образование на младите;
- Информирање на посетителите на шумата за значењето на шумата и потребата од нејзина заштита од шумски пожари;
- Подигање на јавната свест за штетноста од шумски пожари;
- Подигање на јавната свест за опасноста од шумски пожари при практикување на отворено огниште;
- Подигање на јавната свест за пријавување на шумски пожари;
- Спречување на палење на стрништата;
- Создавање на правила и навики за заштита од шумски пожари при работа во шума кај шумските работници.

За остварување на долгорочниот план на оваа кампања изработено е заштитно лого на кампањата, Бувот, кој е познат по својата мудрост и живее во шумите, а неговото живеалиште е загрозено од шумските пожари.



На логото, односно Бувот му е доделено име **Бубо** кое потекнува од латинското име на бувот *Bubo bubo*. Преку името ќе може луѓето, а пред

се децата, да се поистоветат и да се поврзат со шумата, а преку тоа да се зголеми свеста за заштита на шумите од пожари.

Исто така, изработена е ПП презентација, која ќе ги опфати луѓето од средното и високото образование, како и луѓето кои се во контакт со шумите. За помладите генерации од основното образование ќе бидат изработени боенки, еден вид на стрипови со логото на националната кампања, исто така ќе се организираат игри преку кои ќе се зголеми свеста и образованието на децата за опасноста и штетите од шумски пожари. Изработен е и постер со логото “Бувот Бубо” на Националната кампања и голем број на промотивен материјал кој ќе се подели меѓу помладите и постарите граѓани во Македонија.

**Националното здружение на сопственици на приватни шуми како дел од шумарството во Македонија го зема своето учество и ја поддржа оваа кампања, со цел да се заштитат шумите, како во државна така и во приватна сопственост. Со надеж за намалување на бројот на шумски пожари предизвикани од човечкиот фактор, да се зголеми јавниот интерес и вклученост во превенцијата на шумски пожари и подобра сигурност и ефикасност при гаснење на шумски пожари.**

# Пилот проект – Загревање на училиште со дрвен отпад од приватни шуми

Биомасата претставува алтернативен извор на енергија која може во значителна мерка да ги зголеми приходите на сосптвениците на приватни шуми и фармерите во Р. Македонија.

Биомасата може да се добие од дрво, отпад од шума, слама, стебла од земјоделски култури, исто така може да се добие со механичка обработка – згуснување во вид на брикети и пелети или пак со хемиска прereботка од растително масло, алкохол, хартија итн.

Нејзините предности пред останатите извори на енергија се помало загадување при согорувањето, обновливост, рамномерна застапеност по региони и локалитети, релативно лесна достапност и можност за искористување на материите кои ја загадуваат средината околу нас, а секако и нејзината достапна цена.

Како резултат на искуствата од Австрија, Бугарија и Хрватска, се роди идеја да се замени начинот на греење во Беровско училиште и истото се загрева со дрвен отпад. Проектот е со наслов **“Намалување на CO2 преку замена на фосилно гориво со биомаса - дрвен отпад”**.



На овој начин отпадоците кои останувaат во шумата после сеча, прореди и други мерки за користење и заштита на шумите, можат да се искористат за добивање на енергија, а во исто време и сопственикот може да оствари дополнителен приход.



Целта на проектот е промоција на користењето на економични и еколошки извори на енергија како што е иверката добиена од дрвен отпад од шумарството и дрвната индустрија, но и подобрување на животниот стандард на населението од овој регион. Идејата на овој проект е да се изврши замена на веќе постојниот систем за греење во учи-лиште кое се наоѓа во с. Дворише, општина Берово, кое како извор на енергија користи нафта. Замената ќе се изврши со инсталирање на систем кој работи на иверки од дрво, кои ќе бидат произведени со ангажман на членовите на НЗСПШ. За реализација на овој проект е набавена и машина за дробење на дрво која би помогнала во преработка на дрвните остатоци од шума. НЗСПШ ќе даде свој придонес и при инсталација на централен систем за греење кој работи на дрвни иверки. Со собирањето на остатоците после сеча ќе се допринесе за воспоставување на шумски ред и заштита од инсекти и други штетници. На тој начин дрвните остатоци може да се искористат за производство и добивање на енергија на економичен начин.

**Сопствениците на приватни шуми се организирани во НЗСПШ, а една од нивните долгорочни цели е одржливо стопанисување со шумите. Преку реализација на вакви проекти, сопствениците директно учествуваат во ланецот на снабдување со производи од дрво на локалниот пазар, остваруваат дополнителен приход, придонесуваат за руралниот развој и поквалитетен живот.**

Реализирањето на овој проект ќе отвори нови можности во шумарството во Р. Македонија и ќе ја промовира заштитата на животната средина.

# Постигнати цели на НЗСПШ

• По две години лобирање во секторот шумарство и рурален развој при МЗШВ издејствувана е поддршка за процесот на разграничување на шумски парцели во приватна сопственост. Фондот за поддршка изнесува 160 000 евра.

• Набавена е моторна бушилица во сопственост на НЗСПШ која ќе се користи при пошумување на парцели за сопственици на приватни шуми и земјиште.

• Преку проектот е обезбедена дробилица која ќе се користи за преработка на шумски отпад и за производство на дрвна иверка. Преработениот дрвен отпад од приватни шуми ќе се користи за загревање на јавни објекти, а понатаму и за продажба. Користењето на шумскиот отпад ќе овозможи дополнителен приход за сопствениците, поквалитетен живот и поздрави шуми во иднина.

• Од собраните членарини НЗСПШ обезбеди резервен фонд кој се користи за помош на сопствениците кои немаат средства да купат садници за пошумување според одобрените програми од фондот за проширена репродукција.

• До сега НЗСПШ е единствен субјект кој ја промовира Програмата за проши-рена репродукција на МЗШВ. Во изминатите 2 години на 21 сопственик му беше одобрена програма за прореди и пошумувања. Реализирањето на програмите за 2011 е сеуште во тек.

# „Поддршка на сопствениците на приватни шуми за користење на можностите од Програмата за проширена репродукција на шумите“
*- проект поддржан од Влада на РМ*

Во 2011 година, по повеќегодишно аплицирање, НЗСПШ доби финансиска поддршка за тековни активности од Владата на Република Македонија. Се работи за оној сегмент од тековните активности на НЗСПШ, кој е насочен кон промоција, реализација, мониторинг, дополнување и подобрување на мерките од Програмата за проширена репродукција на шумите.

Можностите кои се достапни на сопствениците како предвидени мерки во Програмата, започнуваат за прв пат во 2009 година со повеќегодишно претходно залагање на НЗСПШ. Во таа година како можност беше достапна единствено мерката за прореда во млади шуми кои се подигнати од човекот (со пошумување). Таа година НЗСПШ ги направи пионерските обиди за искористување на претходно побараните мерки во Програмата. Но, на терен излегоа голем број на проблеми кои не можеа да се предвидат во почетокот. Во таа прва година, НЗСПШ во соработка со СНВ реализира само 2 програми за прореда. Следната година (2010), врз основа на искуствата од претходната, во програмата се предвиде поддршка за целокупниот циклус на пошумувањето на голини и ерозивни земјишта, односно покрај проредата се предвиде мерка и пошумување. Во 2010 година имавме 4 програми за прореда и 15 програми за пошумување, што претставуваше 26% исполнување на предвиденото за пошумување и 11% исполнување на предвиденото за прореди. Како резултат од претходно преземените активности во 2009 и 2010 година, НЗСПШ во 2011 година има исполнето 100% од предвиденото за пошумување и 65% од предвиденото за прореди иако Програмата за 2011 година се уште е активна.

НЗСПШ преку своите Општински Ограноци од 2007 година до 2010 година има изведено преку 60 еднодневни обуки на своето членство како и на други заинтересирани сопственици на различни теми поврзани со стопанисувањето на приватните шуми. Овие обуки се покажаа за многу корисни при понатамошните активности кои НЗСПШ заедно со сопствениците ги презеде при искористувањето на можностите од Програмата.



Според предвидените тековни активности, кои се дел од горе спомнатиот проект поддржан од Влада на РМ, се планирани 5 регионални и 10 општински состаноци за промоција на Програмата, како и пропратни активности во насока на подготовка на апликативни документи, теренска поддршка, мониторинг, како и подготовка на извештај во кој ќе се предложат мерки за зголемување и подобрување на можностите во идните Програми. При крајот на годината е предвидено да се оддржи една национална работилница, на која ќе бидат прикажани сите резултати од активностите-проектот.

# Регионален центар за шумарство и рурален развој - РЕФОРД

Во 2010 година е регистриран првиот регионален тренинг центар за шумарство и рурален развој на Балканот, РЕФОРД. По долгогодишната соработка, формирањето на оваа мрежна организација беше иницијатива на сопствениците на приватни и комунални шуми од Република Македонија, Албанија и Косово.

РЕФОРД се фокусира на поддршка на сопствениците на приватни и комунални шуми, подобар рурален развој и одржливо управување со нивното земјиште и шуми.



Од почетокот на 2011 РЕФОРД беше ангажиран за следниве задачи:
- Изработка на бизнис план за НЗСПШ;
- Обезбедување едукативни услуги на руралните заедници (тренинзи, совети);
- Асистенција при информирање, собирање податоци и изработка на програми за фондот за проширена репродукција на Владата;
- Спроведување на проекти во партнерство со локалните заедници;
- Промоција на иницијативи од руралниот развој (консолидација на земјиште, развој на ланецот на производство во обновливи извори на енергија и недрвни производи од шумарството, агрошумарство и фармерски шуми).

Преку оддржаните тренинзи сопствениците на приватните и комуналните шуми се вбројуваат во првата генерација сопственици од Македонија, Косово и Албанија, кои добиваат професионална обука во полето на нивните интереси.

РЕФОРД формираше мрежа од канцеларии во регионот кои ќе го превземат водењето на национален тренинг центар под закрило на РЕФОРД. Овие канцеларии ги претставуваат Националните здруженија на сопственици на приватни и комунални шуми во регионот.

Како дел од оваа мрежа НЗСПШ во Македонија ќе ги превземе активностите за обука, информирање, промоција на иницијативи од руралниот развој, шумарството и оддржливото управување со природните ресурси.

Со ова НЗСПШ ќе им овозможи на своите членови соодветни професионални услуги во полето на шумарството, ќе придонесе за подигање на свеста за важноста на шумарството во руралниот развој но и директно ќе ги вклучи своите членови во идните развојни иницијативи и проекти.

Во Јуни 2011, РЕФОРД учествуваше на 3тата интернационална конференција за тренинг центри во шумарството, во Австрија, Осијах од 06 – 08.06.2011.

# НЗСПШ ги нуди следните услуги

• За да може да се искористи во целост „Програмата за проширена репродукција“ НЗСПШ, на своите членови им ги нуди следниве услуги:
- Собирање потребни податоци од терен
- Подготовка на програмата
- Поднесување на програмите
- Помош со парични средства за купување на садници, кои по добивањето на средствата од ППР сопственикот е должен да ги рефундира

• Здружението нуди услуги за подготвување терен за пошумување. Членовите на здружението плаќаат помала сума од редовната пазарна цена на чинење за работа со моторна бушилица на терен.

• НЗСПШ на своите членови им овозможува обуки за:
- Безбедносни мерки при работа во шума (користење на моторна пила)
- Проширена репродукција
- Стандарди во шумарството
- Шумски операции за чистење во шумите (шумски ред)

• Непрекинато застапување и лобирање во институциите на РМ

• Претставување на сопствениците на приватни шуми во Македонија и надвор од неа.

• Посредување при добивање услуга за маркирање, прием на дрвна маса и издавање испратница од лиценцирани правни и физички субјекти.

Пристапницата отсечете ја и пратете ја пополнета на следната адреса:
**ул. Моша Пијаде бр.49, 2330 Берово**

## П р и с т а п н и ц а

**за зачленување во:**

**Здружение на граѓани за заштита на интересите на сопствениците на шуми**
**Приватни Шуми**

Јас доле потпишаниот(ната): ______________________________

Роден(а) на: ______________________________

Со место и адреса на живеење: ______________________________

Општина: ______________________________

Телефон: ______________________________

Мобилен: ______________________________

е-маил: ______________________________

Површина под шума од: = ____________________ $M^2$

Изјавувам дека доброволно го прифаќам членството во Здружението на граѓани за заштита на интересите на сопствениците на шуми и се обврзувам дека ќе ги почитувам Статутот и Програмата на Здружението

Дата: ______________ 20 ______ год. Своерачен потпис: ____________________

# Одобрени проекти на НЗСПШ во 2011

1. Преку проект од ГЕФ обезбедени се средства за основно училиште во Берово да го замени стариот систем за греење на нафта, со нов централен систем за греење на дрвна иверка добиена од отпадно дрво, првенствено од приватни шуми. Овој нов систем за греење ќе обезбеди подобра работна средина во училиштето како и намалување на трошоците за греење. Сопствениците ќе имаат можност да го зголемат приходот од своите шуми, да ја подобрат здравствената состојба на шумите и да понудат повеќе производи на пазарот (дробенки, брикети и тн.).

2. За информирање и промоција на Програмата за проширена репродукција од МЗШВ со вкупен фонд од 5 000 000, Владата на РМ и додели на НЗСПШ 312 500 денари. Програмата се однесува за пошумување на 50 ха на приватно земјиште и 300 000 денари за прореди на 20 ха приватни шуми.

Пристапницата отсечете ја и пратете ја пополнета на следната адреса:
**ул. Моша Пијаде бр.49, 2330 Берово**

## A n t a r s i m

**Shoqata e qytetarëve për mbrojtjen e interesave të pronarëve të pyjeve**
**“Pyje Private”**

Unë i poshtënënshkruari ____________________

i lindur më ____________________

me vendbanim ____________________

komuna ____________________

telefoni ____________________

celulari ____________________

e-mail ____________________

Sipërfaqe nën pyje prej = ____________ $M^2$

Deklaroj se vullnetarisht e pranoj antarsimin në Shoqatën e qytetarëve për mbrojtjen e interesave të pronarëve të pyjeve dhe obligohem se do ti respektoj Statusin dhe Programin e Shoqatës

Data: ____________ 20 ____    Vendi ____________

# Општински ограноци и регионални канцеларии на НЗСПШ

## Регион Куманово

О.О. Куманово
О.О. Крива Паланка
О.О. Свети Николе
О.О. Пробиштип

Регион Куманово
(седиште во Пробиштип)

Претседател на регион:
тел: 070 230 336

Дежурно лице
тел: 070 230 336

e-mail:
panag@t-home.mk

## Регион Кичево

О.О. Кичево
О.О. Македонски Брод
О.О. Дебарца
О.О. Гостивар
О.О. Маврово - Ростуша

Регион Кичево

тел: 045 227 335
тел: 070 927 365

e-mail:
pejoski_igor@yahoo.com
nsadiku54@yahoo.com

## Регион Берово

О.О. Берово
О.О. Пехчево
О.О. Делчево
О.О. Виница

Канцеларија на НЗ во Берово
(и регион Берово)
ул. Моша Пијаде бр.49

тел: 033 471 053
тел: 076 485 440

e-mail:
macprifor@yahoo.com

## Регион Кавадарци

О.О. Кавадарци
О.О. Богомила
О.О. Велес
О.О. Конопиште
О.О. Витолиште

Регион Кавадарци
(седиште во Богомила)

тел: 070 553 551
тел: 070 239 479

e-mail:
trajcestam@yahoo.com
bobo_tasev@yahoo.com

## Регион Радовиш

О.О. Радовиш
О.О. Ново Село
О.О. Конче

Регион Радовиш

тел: 032 522 770
тел: 075 228 343
тел: 070 319 360

e-mail:
petar.trencev@gmail.com
trajkovg@mt.net.mk

## Канцеларија на Технички Секретар

тел: 033 471 053
тел: 070 381 549

e-mail:
macprifor@yahoo.com

**Поддршка во јакнење на капацитетите на НЗСПШ обезбедува:**

**СНВ - Холандска Развојна Организација**

ул. Дане Крапчев бр.10А, Скопје

тел: 02 3217 320 / 321 / 322

e-mail: pkampen@snvworld.org; spetrovski@snvworld.org; astavrevska@snvworld.org; vtodorov@snvworld.org; lnetkov@snvworld.org

# ЗЕЛЕНА ЗОНА

**ГЛАСИЛО НА СОПСТВЕНИЦИ НА ШУМИ ВО МАКЕДОНИЈА**


SNV Connecting People's Capacities

**СНВ Македонија**
**Холандска Развојна Организација**

тел: 02 / 3217 320 ; 3217 321

**www.snvbalkans.org**

ПРИВАТНИ ШУМИ

**Национално Здружение на Сопственици на Приватни Шуми**

тел: 033 471 053 ; 070 381 549
macprifor@yahoo.com

**www.naps.com.mk**